ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС
СТ.бр.2/2023
25.01.2023 год.
ВЕЛЕС

# О Г Л А С

Со решение СТ.бр.2/2023 од 25.01.2023 год. на Основен суд Велес, СЕ ПОВЕДУВА ПРЕТХОДНА ПОСТАПКА за испитување на условите за отворање на стечајна постапка над должникот Друштво за транспортни услуги АЛЕГО СОЛУШН ДООЕЛ Велес, со седиште на ул.Сутјеска бр.1/6 во Велес, со единствен матичен број на субјектот 6597394, со единствен даночен број 4004010505453, со трансакциска сметка бр.250000101293525 во Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, со приоритетна дејност/главна приходна шифра 52.29 – останати придружни дејности во превозот.

Се закажува рочиште за испитување на условите за отварање на стечајна постапка на ден 22.02.2023 год. во 09,00 часот во судница 4 на Основниот суд Велес.

ЗА ПРИВРЕМЕН СТЕЧАЕН УПРАВНИК СЕ ИМЕНУВА лицето Весела Петрулева од Велес, ул.Благој Ѓорев бр.104-а/18, тел. 070-375-002.

СЕ ЗАДОЛЖУВА привремениот стечаен управник да изготви писмен извештај за економско-финансиската состојба на должникот и да испита дали се исполнети условите за отворање на стечајна постапка, односно дали должникот е неспособен за плаќање и дали има имот кој е доволен за спроведување на стечајната постапка и намирување на трошоците на стечајната постапка и побарувањата на доверителите.

Против ова решение не е дозволена жалба.

Стечаен судија
Александар Шопов

**Објавено на огласна табла на Основен суд Велес на ден 26.01.2023 година во 10,00 ч.**